**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 132/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување
2. **Субјект на надзорот**: Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип
3. **Период опфатен со надзорот**: 19 октомври 2025 година
4. **Датум на извршување на надзорот**: 19 октомври 2025 година
5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта"), **а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик** („Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите").

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот над изборното медиумско претставување емитувано на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, телевизија на државно ниво што емитува програма преку сателит, на 19 октомври 2025 година, **констатирано е прекршување на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик**.

Имено, спротивно на членот 76-б став 3 од Изборниот законик,ТВ 24 Вести, при известувањето за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година, на 19 октомври 2025 година, во Вестите во 10 часот емитуваше изјави од носители на функции во органите на власта, односно емитуваше изјава од министерот за внатрешни работи Панче Тошковски.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 19.10.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4435/1 | | |

| Датум на емитување | Време на емитување | Програма |
|---|---|---|
| 19.10.2025 | 10:04:07 - 10:04:45 | Во Вестите во 10 часот емитувана е изјава од министерот за внатрешни работи Панче Тошковски. |

**7. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на членот 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, на 19 октомври 2025 година, при известувањето за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година, во Вестите во 10 часот емитуваше изјави од носители на функции во органите на власта, односно изјава од министерот за внатрешни работи Панче Тошковски.

**8. Предлог-мерка:**

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.

***Сектор за програмски работи***